# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Службен весник број:153/2015 од 4.9.15

**Член 1**

Во Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" број 7/2005, 103/2008, 124/10, 135/11 и 43/14) во член 49 ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член."

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службено лице во органите на државната власт за сторен прекршок од ставот 1 на овој член."

Во ставот 3 кој станува став 4 зборовите: „од 250 евра" се заменуваат со зборовите: „од 100 до 150 евра".

**Член 2**

Во член 49-а ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член."

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службено лице во органите на државната власт за сторен прекршок од ставот 1 на овој член."

Во ставот 3 кој станува став 4 зборовите: „од 450 евра" се заменуваат со зборовите: "од 200 до 300 евра".

**Член 3**

Во член 50 ставот 2 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член."

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службено лице во органите на државната власт за сторен прекршок од ставот 1 на овој член."

Во ставот 3 кој станува став 4 зборовите „од 300 евра“ се заменуваат со зборовите „од 125 до 200 евра“.

**Член 4**

Во членот 50-а став 4 зборовите: „од правни науки“ се бришат.

Ставот 8 се менува и гласи:

„Против одлуката на Прекршочниот орган со која се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката преку Прекршочниот орган до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.“

**Член 5**

Членот 50-в се менува и гласи:

„Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.“

**Член 6**

Во членот 50-г став 1 зборовите: „две и пол“ се заменуваат со зборот: „три“.

**Член 7**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на личните податоци.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".